Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

**П Р И Л О Г**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| **Назив на министерство:** | Министерство за дигитална трансформација |
| **Назив на предлогот на закон:** | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ |
| **Одговорно лице и контакт информации:** | Љупка Ивановски, Раководител на сектор за нормативно правни работи,<br>Електронска адреса: ljupka.ivanovski@mdt.gov.mk |
| **Вид на Извештај:** | ☐Нацрт/Draft<br>☒Предлог/Propozim |
| **Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:** | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ___________________________ |
| **Поврзаност со Директивите на ЕУ:** | |
| **Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации:** | ☐Да<br>☒Не |
| **Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:** | 06.11.2024 година |
| **Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација:** | 20.11.2024 |
| **Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација:** | 06.12.2024 |
| **Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат** | Декември 2024 |

Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

# 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

## 1.1 Опис на состојбите

Бизнисот со игри на среќа е во подем во земјите на Западна Европа; во Република Северна Македонија постоењето и масовното приклучување на нелегални интернет платформи за приредување интернет (он лајн) игри на среќа е широкораспространет феномен кој резултира во сериозни негативни реперкусии по целото општество, а пред се младите категории граѓани, кои се во интензивен психосоцијален развој. Со достапноста на мобилните телефони коцкањето преку интернет е достапно во секое време и на секое место, со пари на сметка кои не се доживуваат како реални средства и кои полесно и побрзо се трошат, психолошките науки ја сметаат оваа форма на зависност далеку поопасна од класичните форми на коцкање. Компулсивното учество во игри на среќа и забавни игри, не е само финансиско прашање, туку влијае на сите сегменти од животот, вклучувајќи ја работата и кариерата, пријателите, семејството, па и многу повеќе од тоа. Евидентно е масовното приклучување на нелегални интернет платформи за приредување интернет (онлајн) игри на среќа од страна на граѓаните, одлив на девизни средства од државата кон странство кое, во ова време, е повеќе од недопустливо за економијата, како и непочитување на законската забрана утврдена во член 19 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри којашто ги ограничува нашите граѓани за учество во игри на среќа на странски веб страници за интернет игри на среќа.

Соогледувајќи ја сериозноста од степенот на распространетост на оваа појава, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 17 септември 2024 година, Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од преземање на активности за воведување на забрана за пристап до нелегални интернет платформи за приредување интернет (он лајн) игри на среќа, и при тоа го задолжи Министерството за дигитална трансфромација за утврдување на Методологија за изнаоѓање решение за решавање на овој проблем.

Постапувајќи по заклучоците, Министерството за дигитална трансформација организираше состанок со претставници на Агенцијата за електронски комуникации, МАРнет и Државна лотарија на Република Северна Македонија, при што се дискутираа понатамошните начини на постапување. На состанокот беше разгледана и анализирана опцијата МАРнет, по добиен допис од Државна лотарија, да ја забрани регистрацијата на мк домеини кои постапуваат спротивно на прописите кои го уредуваат начинот на организирање и спроведување на интернет игрите на среќа. Дополнително, Законот за електронски комуникации утврдува дека пристапот до и користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи може да се ограничи само врз основа на судска одлука во случаи утврдени со посебен закон, се анализираа и потребните законски измени со кои ќе и се овозможи на Агенцијата за електронски комуникации на еден транспарентен и објективен начин да ограничува пристап до користење на услуги преку јавните електронски комуникациски мрежи, односно забрана за пристап до нелегални интернет платформи за приредување на интернет игри на среќа.

## 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Непочитување на законската забрана утврдена во член 19 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, одлив на девизни средства од државата кон странство.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации има за цел да ги реши постојните проблеми и да овозможи начин на ограничување на пристапот до користење на услуги преку јавните електронски комуникациски мрежи, односно забрана за пристап до нелегални интернет платформи за приредување на интернет игри на среќа.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Непреземањето на решение значи непочитување на забраната утврдена во член 19 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри и невозможност за ограничување на пристапот на користење на услуги преку јавните електронски комуникациски мрежи, односни забрана за пристап до нелегални интернет платформи за приредување на интернет игри на среќа.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации со што ќе се утврди законска основа за забрана за пристап до нелегални интернет платформи за приредување на интернет игри на среќа.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

**Економски влијанија**

### 4.1 Економски влијанија

Ова законско решение ќе има економски влијанија, односно ќе се намали одливот на дивизни средства од државата кон странство на нелегални игри на среќа.

### 4.2 Фискални влијанија

Опцијата не прави ништо нема да предизвика дополнителни фискални влијанија.

Донесувањето на овој закон нема да има фискални импликации врз буџетот на институциите, но се очекува зголемување на приливот од даноците кои се прибираат по основ на игри на среќа.

### 4.3 Социјални влијанија

Примената на ова законско решение ќе има значајни социјални влијанија, односно преку воведување забрана за пристап до нелегални сајтови за интернет игри на среќа се очекува намалување на изложеноста на младата популација до штетните содржини кои вообичаено се пропратни на ваквите интернет страници, тенденцијата нивните навики да прераснат кон коцкање. Дополнително се минимизираат ризиците поврзани со малициозен софтвер, фишинг и кражба на податоци кои често се распространети на нерегулираните платформи. Донесувањето на ова законско решение дополнително

се очекува да има позитивно влијание во однос на зголемувањето на дигиталната писменост и пристапност на национално ниво.

**4.4 Влијанија врз животната средина**

Донесувањето на овој закон нема да има влијание врз животната средина.

**4.5 Административни влијанија и трошоци –**

*а) трошоци за спроведување*

Не се потребни дополнителни трошоци за спроведување на овој закон.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Не се потребни дополнителни трошоци за почитување на регулативата.

## 5. Консултации

**5.1 Засегнати страни и начин на вклучување**

Овој предлог закон е изработен во консултација со Министерство за финансии, Државна лотарија на Македонија и Агенцијата за електронски комуникации.

**5.2 Преглед на добиените и вградените мислења**

Преку платформата ЕНЕР е добиено едно мислење од страна на А1 во кое се изразува согласување со содржината на предлог законот и се предлага дополнување на истиот со случаите на нелегални активности како што е нелегалното реемитување на ТВ содржини и нелегално обезбедување на електронските комуникации. Овој предлог не е земен во предвид поради фактот дека реемитувањето на ТВ содржини е регулирано во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто**

/

## 6. Заклучоци и препорачано решение

**6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)**

Доколку остане моменталното решение, нема да се воспостават механизми за применливост на релевантните одредби од Законот за игрите на среќа и забавните игри. Со тоа ќе продолжи одливот на девизни средства од државата кон странство, без притоа да постои можност да се следи крајната намена на овие средства, односно целите за коишто тие се користат. Спротивно на ова, донесувањето на новото законско решение претставува воспоставување на механизам со кој ќе се обезбеди применливост на членот 19 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри и ќе се зголемат буџетските приливи од игрите на среќа. Дополнително, ќе се намалат ризиците од изложеноста на младата популација до штетните содржини кои вообичаено се пропратни на ваквите интернет страници, како и тенденцијата нивните навики да прераснат кон коцкање.

**6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)**

\\

**6.3 Препорачано решение со образложение**

Препорачаното решение е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, со кој приредувачите на интернет игри на среќа одговараат за начинот и правилата на приредување на истите и се обврзани да применуваат најсовремени технологии кои гарантираат безбедност и доверливост на плаќањата и личните податоци на корисниците. Притоа, грижејќи се за благосостојбата на населението, на ваквите платформи постојат голем број на опции за контрола на лимитите за обложување и периодот на игра согласно член 121 од Законот за игрите на среќа и забавните игри, како и во согласност со препораките на ЕУ за одговорни приредувачи на игри на среќа.

Притоа, за учество во интернет игрите на среќа, при регистрацијата учесникот во интернет игрите на среќа задолжително доставува одредени податоци, кои би можеле да имаат позитивно влијание во борбата против сивата економија.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Спроведувањето на препорачаното решение предвидува донесување на подзаконски акт од страна на Владата на предлог на министерот за дигитална трансформација со согласност на министерот за финансии, со кој ќе се уреди ограничувањето на пристапот до користењето на услуги и апликации преку јавните електронски комуникациски мрежи во случаи на нелегално приредување игри на среќа преку интернет платформи.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Подзаконскиот акт кој произлегува од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Надлежен орган за спроведување ќе биде Агенцијата за електронски комуникации, во соработка со Државна лотарија на Република Северна Македонија и Министерството за дигитална трансформација.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Координација и комуникација помеѓу сите засегнати страни како за донесување на подзаконскиот акт така и за целосна имплементација на законот.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Секторот за комуникации во рамки на Министерството за дигитална трансформација во соработка со Агенцијата за електронски комуникации ќе го следат спроведувањето на законот.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Ефектите од предлогот на законот ќе се евалуираат на крајот на секоја година, во соработка со Државната лотарија на Република Северна Македонија, односно со мерливи индикатори кои јасно ќе ја утврдат разликата во приливот на средства по основ на интернет игри на среќа.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:______________**

______________________

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 08.01.2025

______________________

**потпис на министерот**